РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Технолошко-технички факултет
Бр. 03-579/1
06.09 2013 год.
Велес

Технолошко – технички факултет Велес

Faculty of Technology and Technical Sciences Veles

Улица:„Петре Прличков“ 42, 1400 Велес
Address: “Petre Prličkov” 42, Veles, 1400
E-mail: ttfv@uklo.edu.mk

Факс(Fax): +389 (0)43 211-204
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-202
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-203

# ДОГОВОР ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Склучен на ден 02.09.2013 година помеѓу:
**1.Технолошко-технички факултет Велес**, со седиште на ул.„Петре Прличков“ бр.42 Велес, претставуван од Деканот доц. д-р Валентина Павлова и
**2. КАМЕЛ СОЛАР**, со седиште на ул.„Качанички пат бб 1000 Скопје претставувана од директорот Владко Ристов.

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредување на меѓусебната соработка помеѓу Технолошко-техничкиот факултет Велес и Камел Солар-Скопје, за начинот на изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи на студентите од I (прв) циклус студии, а согласно предвидените наставни програми.

**Член 2**

Договарачот Камел Солар - Скопје се обврзува за потребите на студентите од I (прв) циклус студии на Технолошко-техничкиот факултет Велес, да овозможи изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи, во нивни соодветни простории, апаратура и други работи кои се неопходни за стручно и квалитетно изведување на споменатите активности на студентите.

**Член 3**

Договарачот Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува за потребите на своите студенти од I (прв) циклус студии, за изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи, навремено да го известува договарачот .

**Член 4**

Договарачот Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува наместо финансиски надомест за дадените услуги, да го објави логото на договарачот Камел Солар -Скопје на web страната на факултетот.

**Член 5**

Овој Договор за меѓусебна соработка се склучува на неопределено време, со можност било која договорна страна да го раскине со отказен рок од 30 дена.

**Член 6**

Овој Договор за меѓусебна соработка е склучен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Д о г о в о р н и с т р а н и**

| | |
|---|---|
| **Технолошко-технички факултет Велес** | **Камел Солар** |
| **Д е к а н** | **Д и р е к т о р** |
| **Доц. д-р Валентина Павлова** | **Владко Ристов** |